( Образец ПП……)

**<u>До: ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА</u>**

**<u>ул.„ Бул. Пресвета Богородица бр.3</u>**
**<u>Скопје</u>**

____________________________________________

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

***<u>Од:</u>*** [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**<u>Каква одлука е донесена по поднесената претставка на ден 30.09.2024 година против Јован Јованоски Државен Инспекторат за труд со службена легитимација број 03-0106. Ова барање ќе биде испратено и по пошта.</u>**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

***<u>- б) препис</u>***

- в) фотокопија

- г) електронски запис

- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

***<u>- а) по пошта</u>***

- б) телефон

- в) факс

***<u>- г) е-маил</u>***

- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

***Во Битола,18.11.2024година.***

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-2953/2
26-11-2024 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2953/1 од 18.11.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## *РЕШЕНИЕ*

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-2953/1 од 18.11.2024 година, **СЕ УВАЖУВА.**

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, [redacted], до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: *„Каква одлука е донесена по поднесената претставка на ден 30.09.2024 година против Татјана Петровска – Претседател на Основен суд Битола".*

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето се констатираше следното: До ДКСК е доставено претставка и по истата е оформен предмет бр. 12-2565/1 од 30.09.2024 година. Предметот со бр. 12-2565/1 од 30.09.2024 година е споен со предметот бр. 12-2564/1 од 30.09.2024 година поради исти предметни наводи и се постапува по една единствена постапка, во предмет бр. 12-2564/1.

Постапувањето по оформениот предмет е во тек. По утврдување на фактичката состојба ДКСК ќе донесе Одлука која согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ќе биде објавена на веб страницата на Државната комисија а до подносителите ќе се достави известување со прилог Одлука.

Од сето погоре наведеното, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази, службено лице

Да се достави до:
- подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk